Клиничка вештина

Мала хирургија - 1

Цел:

Цел на клиничката вештина е да се совлада хируршката техника на аплицирање на хируршката сутура.

Задачи

1. Запознавање со хируршкиот сет за мала хиргија, инструментите и начинот како се држат, како се изведува хируршката техника.
2. Запознавање со хирруршките конци, начин на отварање на пакувањето и аплицирање на хируршките конци на инструментите.
3. Демонстрација и потоа активна работа на аплицирање хируршка сутура на вештачка кожа
4. Партиципантите аплицираат сутура на вештачка кожа со активна асиситенција од менторот за да изведат една до две или повеќе сутури
5. Диспозиција на медицински отпад

Хируршката сутура е хируршка техника што се користи да се приближат и одржат одделените телесните ткива заедно, по повреда или операција. Најчесто се користи хируршка игла со одредена должина на конец и со иглодржач и со посебна хируршка техника се изведува сутурата.

Запознавање со индикации за хируршка сутура

Примена на хируршката сутура може да се изведе на одредени делови на телото и тоа на косамтиот дел на главата и други делови на телото, додека треба да се избегнуваа сутура на лицето.

1. Запознавање со хируршкиот сет за мала хиргија, иснтрументите и начинот како се држат, како се изведува хируршката техника

Хируршкиот сет за мала хирургија се состои од:

1. Касетка за мала хирургија
   - Иглодржач
   - Хируршка пинцета
   - Анатомска пинцета
   - Хируршка ножичка
   - Држач за скалпел

2. Хируршки конци
3. Компреса со отвор
4. Тупфери и гази
5. Вештачка кожа за аплицирање на сутура
6. Диспозиција на медицински отпад

Прво се демонстрира како се отвора касетката и при тоа да се запазат сите правила за стерилност.
Со анатомската пинцета се вадат иснтрументите од касетката и се поставуваат на компресата. Исто така тука се поставува и газата, тупферите и отворените конци.



Хируршка пинцета



Анатомска пинцета

Хируршката пинцета се разликува од анатомската по тоа што има запаци на врвот и се користи за држење на ивицата на ткивото и држење на иглата.



Иглодржач



Начин на држење на иглодржачот

Хируршка ножичка

Разликуаме два типа со прави краци и закривени краци (преппарирка).



Хируршка ножичка со прави краци



Хируршка ножичка со закривени краци
(Препарирка)



Држач за скалпел



Видови на скалпаели

Хируршки конци

Постојат повеќе воидови на хируршки конци. За сутура на кожата најчесто се користи СИЛК.



Видови на конци за хируршка сутура

Компреса со отвор и тупфери и гази








Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
contact@semejnamedicina.mednet.mk

2. Запознавање со хируршките конци, начин на отварање на пакувањето и аплицирање на хируршките конци на инструментите.

Партиципантите се запознаваат со хируршките конци. Потоа се отвара пакувањето и со иглодржачот се зема иглата и се поставува на врвот на иглодржачот, затоа што тука најцврсто се држи иглата. Местото на поставувањето на иглодржачот на иглата е на средина малку према местото каде е зацврстен конецот.



Потоа се поставува раката на иглодржачот



Начин на држење на иглодржачот


3. Демонстрација и потоа активна работа на аплицирање хируршка сутура на вештачка кожа



Вештачка кожа за сутура




Држач за вештачка кожа за сутура




4. Партиципантите аплицираат сутура на вештачка кожа со активна асиситенција од менторот за да изведат една до две или повеќе сутури


За почеток на вештачката кожа се прави инцизија со скалпелот. Важно е да се нагласи правилото како се држи склапелот, односно показалецот се става на горната страна на иглодржачаот (не смее да се држи како што се држи молив)





Иглодржачот се поставува во десната рака и веќе на него е поставена иглата.





Во левата рака е поставена хируршката пинцета, а во десната рака иглодржачот со иглата.

Со пинцетата се фаќа ивицата на раната, потоа се аплицра иглата со полукружни движења, се прободува кожата и со полукружно движење се излегува под подкожното ткиво. се ослободува иглодржачот од иглата и со обратен правец на раката се фаќа повторно иглата. Со пинцетата се поткрева другата ивица од раната и со десната страна со иглодржачот преку подкожието се прободува и се излегува со врвот на кожата од другата страна.

Со делот од концеот каде што е иглата се држи со левата рака, се повлекува конецот се’ додека не остане еден дел од околу 5 см на крајот на конецот од другата страна на раната.


Со десната рака се држи иглодржачот, а со левата страна се мота конецот, два пати, околу иглодржачот и тоа према напред. Потоа со двете раце се врзува, на еден дел на кожата на раната.

Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
contact@semejnamedicina.mednet.mk

Конецот се мота обратно од себе, а при врзувањето иглодржачот се упатува према себе.

Се мота конецот повторно околу иглодржачот, но сега обратно, и тоа два пати, и пак се врзува конецот.

Конецот се мота према себе, а при врзувањето иглодржачот се упатува обратно од себе.



7.
8.

5. Диспозиција на медицински отпад

Медицинскиот отпад се поставува во хируршки садови, а потоа во пседијални контејнери се складира, особено острите предмети (скалпел, игли и друго)

Другите иснтрументи се оставаат за перење и потоа за стерилизација.





Партиципантите изведуват најмаку една сутура, а може и повеќе. Потребан е активно учество и во текот на одреденот време сите успеваат да ја изведат клиничката вештина